Арх.бр. УП1-15 21/2022
Дата...12-01-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Прилеп се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на нов среднонапонски 10 (20 )kV подземен кабелски вод, со почетна точка на трасата од постоечко ТС Тополчани 35/10 kV, на дел од КП 2316/1, КО Тополчани и крајна точка на трасата до постоечки бетонски столб на дел од КП 1022, КО Канатларци, Општина Прилеп.**

Трасата поминува низ КО Тополчани, КО Ерековци и КО Канатларци во Општина Прилеп.

Должината за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 4 km.

Вкупната должина на трасата изнесува околу 6 km.

Дел од трасата минува низ село Канатларци, село Ерековци и село Топлчани, за кои се изработени Услови за планирање на просторот за изработка на:

- УП за село Канатларци со тех. бр. Y01918, Решение бр. УП1-15 290/2018 од 16.03.2018 год.;
- УП за село Ерековци со тех. бр. Y 16119, Решение бр. УП1-15 1496/2019 од 29.10.2019 год. и
- УП за село Тополчани со тех. бр. Y 16219, Решение бр. УП1-15 1497/2019 од 31.10.2019 год.

Трасата се сече со предходни издадени Услови за планирање на просторот за Проект за инфраструктура за реконструкција на ДВ 110 kV ТС Битола 1 – ТС Прилеп, со тех. бр. Y 06613.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y18221** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на нов среднонапонски 10 (20 )kV подземен кабелски вод, со почетна точка на трасата од постоечко ТС Тополчани 35/10 kV, на дел од КП 2316/1, КО Тополчани и крајна точка на трасата до постоечки бетонски столб на дел од КП 1022, КО Канатларци, Општина Прилеп, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на нов среднонапонски 10 (20 )kV подземен кабелски вод, со почетна точка на трасата од постоечко ТС Тополчани 35/10 kV, на дел од КП 2316/1, КО Тополчани и крајна точка на трасата до постоечки бетонски столб на дел од КП 1022, КО Канатларци, Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk